## Изложба од Марија Дичова и Симона Манчева

Во ликовната галерија на ЦК „Марко Цепенков“(петок 9.11. 2018 – 23.11. 2018) беше отворена изложба од уметниците Марија Дичова и Симона Манчева. Идејата за овој заеднички проект на двете уметници се заснова на користење на отпадни материјали.

Изложбата ја отвори Ивана Атанасоска, етнолог и антрополог, која посочи дека уметничките дела на Марија и Симона доаѓаат како освежување и излегување од шаблонот на современиот конзумеризам – купи – искористи – фрли.

„ Идејата, од користење на отпадни материјали да создадат уметнички дела, од една страна ја покажува нивната почит кон животната средина и освестеноста за рециклирање, а од друга страна ја истакнува нивната спремност како уметници се што е околу нив да го гледаат како потенцијален материјал за уметничко дело. Овие уметници даваат повторна вредност на материјалите кои ја изгубиле вредноста во системот. Нивните уметнички творби, претставуваат еден вид на медиум преку кој ние ќе го слушнеме нивниот крик за општествено освестување, ќе ги разнишаме нашите предрасуди и стереотипи и ќе се соочиме со најинтимните психолошки, социјални и општествени вредности “ - рече Атанасоска, потенцирајќи дека се надева оти нивната уметност ќе допре до голем број луѓе.

И двете ументици дипломирале на ФЛУ Скопје и досега реализирале повеќе проекти.

{AG}marijasimona{/AG}